ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 04-631/8
13.08.2026
ПРИЛЕП

Врз основа на член 37-м, од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Сл. весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), а во врска со Предлог листата за избор на кандидат по јавен оглас број 1/2026 од 24.07.2026 година, со Конечна ранг листа од пријавени кандидати со број 04-631/6 од 12.08.2026 година, ВД Директорот на ЈП за ПУП Прилеп донесе:

О Д Л У К А

За избор на кандидат по објавениот Јавен оглас број - 1/2026 за вработување на неопределено време на (1) еден работник во ЈП за ПУП Прилеп.

1.По Јавниот оглас број - 1/2026 за вработување на (1) еден работник на неопределено работно време во ЈП за ПУП Прилеп, објавен во дневните весници „Вечер"(24.07.2026), „Коха"(24.07.2026), "Слободен Печат" (24.07.2026) и на интернет страницата на претпријатието, се избира следниот кандидат:

- за работното место КДР 03 05 Б01 073 Прооектант во Одделение за проектирање, урбанистичко планирање и ГИС
- Филип Ѓорѓиоски.

2. По конечноста на Одлуката за избор, Директорот со избраниот кандидат склучува Договор за вработување.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРАВНА ПОУКА: Жалба дозволена во рок од 8 дена од објавувањето до Управниот одбор на ЈП за ПУП Прилеп.

ЈП за ПУП Прилеп
ВД Директор
Игор Неделкоски